## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17 и 168/18), се доставува


Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 28.12.2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 5583 | 1 | |


### ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
### ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** вонреден

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје

3. **Датум на извршување на надзорот:** 27 декември 2018 година

4. **Предмет на надзорот:** Член 9 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (бр.01-5774/1 од 21.11.2014 година, изменет на 08.05.2015 година), според кој *„Бројот и структурата на вработените лица за радио на регионално ниво, треба да биде 5 (пет), од кои 3 (три) со висока стручна спрема (ВСС), вработени како новинари“.*

5. **Претходно изречена мерка: /**

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

   **Образложение:** На 06.12.2018 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги побара од Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, во рок од седум дена од денот на приемот на дописот, да достави документи од коишто ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот.

   Од документите што радиодифузерот ги достави во Агенцијата на 20-ти и 21-ви декември 2018 година (осум договори за деловна соработка склучени помеѓу радиодифузерот и осум физички лица и копии од уверенија и дипломи за завршено високо образование за четири лица) е видно дека во радиостаницата се вработени вкупно осум лица, од кои четири со висока стручна спрема, ангажирани како новинари.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***